Над 63% од граѓаните не комуницираат со пратениците од нивната изборна единица, градоначалникот или советниците од нивната општина. Поголем е процентот на оние што не се заинтересирани, отколку на оние кои не знаат како да го направат тоа. Гледано од перспектива на етничка припадност, поголем процент од етничките **Македонци се незаинтересирани**, во споредба со етничките **Албанци** каде поголем процент **не знаат како** да го направат тоа. Ова го покажа најновото истражување на МЦМС и Телевизија Телма посветено на граѓанското учество во процесите на одлучување на локално или национално ниво.

Најчесто препознаена форма на граѓанско учество е референдумот (23,2%), но од друга страна таа е

најмалку практикувана
во последните пет години (13,25). Учеството на јавни трибини (25,6%) и учеството на собир на граѓани (21,4%) се најчесто користените форми.
Граѓаните немаат верба дека нивните сугестии ќе бидат земени предвид (34,8%)
, тоа е најчестата причина за слабото учество, потоа следува неинформираноста (28,0%) и незаинтересираноста (23,9%). Сегашната процедура за употреба на формите на граѓанско учество е добра за 43,6% од испитаниците, додека 35,6% сметаат дека таа треба да се поедностави и да се овозможи онлајн прибирање на потребните потписи.

Во начинот на комуникација, граѓаните се сè уште традиционални, односно **повеќе и веруваат на директната комуникација (63,1%)**
отколку на онлајн (20,6%), или на писмената (12,8%) комуникација. Нивната перцепција е дека граѓаните повеќе се вклучуваат на локално ниво (50,3%), но, најголем број од нив (71,9%), никогаш не биле вклучени во одлучувањето во нивната општина.
Вкупно 41,7% сметаат дека нема ефекти од вклучувањето на граѓаните
, а 15,7% сметаат дека ефектите се негативни.

Граѓаните им забележуваат на пратениците и советниците дека не се достапни за нив. Вкупно 38,3% сметаат дека никогаш не се достапни, додека само 6,0% рекле дека секогаш се достапни. Од друга страна, ни самите граѓани не покажуваат интерес за контакти со народните избраници.

Речиси 70% од испитаниците рекле дека им предизвикува лутина информацијата за тоа колкави се сумите за
патни трошоци на пратениците
. Сличен процент (67,2%) сметаат дека
платата на пратениците е висока
според функцијата и обврските на работното место.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците за последната анкета беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 27 февруари до 5 март 2018 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“, што го поддржа УСАИД.